ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Агенција за млади и спорт

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година _ Сметка на основен буџет

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**

- Невоспоставени интерни контроли на користењето на средства трансферирани на НСФ;
- Неизградени критериуми за објективна, пропорционална и праведна финансиска поддршка на НСФ;
- Слабости во делот на користењето на трансферираните средства од НСФ, неуредно документирање на дел од трошоците, неоснован пренос на средства од наменските сметки;
- Доцнење во реализација на капиталните проекти.

**Издадено мислење*:**
Изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на елементите од финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и резултатите на финансиските активности, како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и

**Клучни препораки:**
- воспоставување на соодветни критериуми за распределба на средствата од програмите на АМС до НСФ и спортистите;
- воспоставување на ефикасни интерни контроли на трансферираните средства кон НСФ;
- да се испитаат сите можности за целосно и квалитетно завршување на капиталните проекти во реални временски рокови.

**Клучни системски слабости:**
/

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на директорот на Агенција за млади и спорт.

**Одговор на добиени забелешки:**
Дел од забелешките не се прифатени, додека останатите се известувања за причините кои довеле до состојбите и се во насока на прифаќање на констатираните состојби во извештајот.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018